

***Прекрасната Малешевија често ја нарекуваат мала Швајцарија. Питома и мирна исто толку и дарежлива, таа сè уште е неоткриен дел од природата. Берово е мелем за очите и рај за душата, изобилува со недопрена природа која допрва ќе биде откривана и којашто само чека да биде искористена. Оваа македонска општина  почива во пазувите на источниот дел на Република Македонија чие богатство од букови, борови, дабови шуми го одредиле и нејзиното име „Малеш – планина“.***

Да се пишува за минатото и сегашноста за Малешевијата, за Берово, за Русиново, за Македонците од поделена Македонија е одговорна задача, но истовремено причинува големо задоволство. Во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за настаните и личностите. Затоа, како публицист кој го прокрстарил светот и оставил траги за Македонците во дијаспората.

Во случајот како биограф на бизнисменот Благој Механџински, со големо задоволство се зафатив да пишувам за овој питом и преубав крај од македонската земја. Целта ми е да дадам скромен придонес за Малешевијата, за Русиново, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот.

Беше прекрасен пролетен ден, наоколу со распослани зелени килими, а низ нив шаренило од опојни миризливи цветови. На начин на кој животот се буди и развива убаво чувство на љубов кон природата. Сонцето, чии бои се прелеваат во далечината на исток од каде започнуваше новиот ден, беше како огромна топка или балон што едвај се движи во просторот. Стигнавме во Малеш  во претпладневните часови, кога глетката беше прекрасна.

 Затоа, не случајно се вели дека кој во Македонија ќе дојде, неодминливо во Малеш треба да појде. Фасцинантни се неговите вишни планини, зелените оази, ширно широкото поле, езеро небаре вгнездено во клисурите и чистиот воздух што буди и опива. Пред намерникот како на дланка се отвора парче рајска градина со природните реткости и чудесен спој на вековите - и како историја и како меморија, и како непокор и како традиција и сегашност на мапата на Македонија.

Во живописните предели на Малеш очите повеќе се отвораат од каде било на друго место. Таму, длабоко се чувствува чистиот планински и езерски воздух; тоа е предел што за секој посетител отвора широки хоризонти. Се отвора со сета своја убавина и е на дофат на секој вљубеник во природните реткости. Затоа, со право  се вели дека Малеш е еден од најзначајните предели во Македонија. Тоа е место кое привлекува со чудесна моќ и е дел од историјата, судбината и иднината на Македонија.

[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**